Врз основа на членовите 384, 387 и 388-а од Законот за трговските друштва, членовите 60 и 63 од Статутот на Друштвото и врз основа на Одлуката на Управниот одбор од ден 19.07.2021 година, Управниот одбор на Друштвото за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје го објавува следниот:

**ЈАВЕН ПОВИК**
**ДО АКЦИОНЕРИТЕ НА ДС СМИТХ АД СКОПЈЕ**
**ЗА УЧЕСТВО НА ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ**

Седницата на Годишното Собрание на акционери на Друштвото за производство на хартија и амбалажа ДС СМИТХ АД Скопје, со седиште на ул.1632 бр.1, Скопје – Гази Баба, Република Северна Македонија, ќе се одржи на ден 12.08.2021 година (Четврток) со почеток во 12:00 часот во Хотел Александар Палас во Скопје, бул. 8ми Септември бр.15, 1000 Скопје.
За седницата на Годишното Собрание за 2020 година се предлага следниот:

**ДНЕВЕН РЕД (РЕВИДИРАН)**

**ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**
1. Избор на бројач/и на гласови;
2. Избор на Записничар на Собранието-Нотар;
3. Избор на Претседавач на Годишната седница на Собранието на акционери;
4. Усвојување на предложениот дневен ред

I. **РАБОТЕН ДЕЛ:**

**1. Разгледување и одобрување на Годишната сметка, финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година, Извештајот за економско - финансиската ревизија за работењето на Друштвото за период од 01.01.2020 - 31.12.2020 година и Годишниот извештај за работењето на Друштвото за 2020 година**
1.1 Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишната сметка, финансиските извештаи на Друштвото за 2020 година и Извештајот за економско - финансиската ревизија за работењето за период од 01.01.2020 - 31.12.2020 година
1.2. Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Годишниот извештај на Управниот Одбор за работењето на Друштвото за 2020 година
1.3. Предлог-Одлука за одобрување на работата и водењето на работењето со Друштвото на сите членови на Управниот одбор за 2020 година
**2. Разгледување и усвојување на Извештајот на Надзорниот Одбор за одобрување на работата и водење на работењето со Друштвото во 2020 година**
2.1 Предлог-Одлука за одобрување и усвојување на Извештајот на Надзорниот Одбор за одобрување на работата и водење на работењето со Друштвото во 2020 година
2.2 Предлог-Одлука за одобрување на работата на сите членови на Надзорниот одбор за 2020 година
**3. Одлучување за распоредување на добивката на Друштвото**
3.1 Предлог-одлука за распоредување на добивката на Друштвото
**4. Избор на ревизорска куќа за ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за 2021 година**

4.1 Предлог-Одлука за избор и назначување на ревизорска куќа за вршење ревизија на годишната сметка и финансиските извештаи за работењето на Друштвото за 2021 година.

**5. Отповикување на членовите на Надзорен Одбор на Друштвото**
5.1 Предлог одлука за отповикување на Жан Лиенхардт – Претседател и Член на Надзорен одбор
5.2 Предлог одлука за отповикување на Золт Фекете - Член на Надзорен одбор
5.3 Предлог одлука за отповикување на Мариа Консепсион Ортуњо Сиерра - Член на Надзорен одбор
5.4 Предлог одлука за отповикување на Џоел Марие Ле Гоффик , Независен Член на Надзорен Одбор
5.5 Предлог одлука за отповикување на Јонче Јачев – Независен Член на Надзорен одбор

**6. Избор на членови на Надзорен Одбор на Друштвото**
-Предлог одлука за избор на Членови на Надзорен одбор на Друштвото

Собранието може да одлучува само за прашања коишто се уредно ставени на дневен ред. Собранието може да расправа, без право на одлучување и за прашања кои не се ставени на дневен ред. Гласањето ќе биде јавно.

Барањето за вклучување на една или повеќе точки во дневниот ред на Собранието, предлагањето на одлуки за усвојување по секоја од точките, како и поставувањето на прашањата и иницијативите се праќаат до Управниот одбор на Друштвото по пошта или преку електронски пат на следната маил адреса office.skopje@dssmith.com, во рок од 8 дена од денот кога е објавен јавниот повик за одржување на седница на Собранието на Друштвото. Секој акционер има право да поднесува иницијативи како и да поставува прашања по секоја од точките од дневниот ред на седницата на Собранието на Друштвото. Доставените иницијативи, како и одговорите на поставените прашања на седницата на Собранието, Друштвото ќе ги објави на својата интернет страница согласно закон. Повеќе информации за ова може да се најдат на интернет страницата на Друштвото.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собрание е должен да го пријави своето учество, најдоцна пред почетокот на седницата на закажаното Собрание (пријава за учество на Собрание).

Акционер може да овласти со полномошно друго физичко или правно лице како свој полномошник на седница на Собрание на Друштвото, коешто ќе учествува и ќе гласа на седницата на Собранието во негово име. Акционерите можат да овластат полномошник на седница на Собрание на Друштвото со давање полномошно во писмена форма без обврска да го заверат полномошното кај Нотар.
Акционерот мора да го информира акционерското друштво по писмен пат со достава на известување на по пошта или на следната маил адреса office.skopje@dssmith.com за назначувањето на свој полномошник на седница на Собрание на Друштвото. Акционер кој нема да го извести Друштвото за даденото полномошно ќе се смета дека не го дал полномошното. Образец за известувањето и сите дополнителни информации се достапни на интернет страницата на Друштвото.

Образецот на полномошното е достапен за преземање од интернет страницата на Друштвото. Акционерот може да користи и други видови обрасци за давање полномошно во писмена форма.
Акционерите можат да гласаат со коресподенција со испраќање на пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во седиштето на Друштвото најдоцна до 11 Август, 2021 година до 12:00 часот. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот. Обрасците за гласање со коресподенција и сите дополнителни информации се достапни на интернет страницата на Друштвото.

Собранието може да работи (кворум за работа) ако на седницата присуствуваат верификувани учесници на собранието кои поседуваат најмалку мнозинство од вкупниот број акции со право на глас. Собранието одлучува со мнозинство од акциите со право на глас претставени на Собранието, освен ако со закон и статут не е определено поголемо мнозинство.

Акционерите можат секој работен ден од 10-12 часот, по претходна писмена најава на маил адресата office.skopje@dssmith.com, да подигнат материјал потребен за седницата на Собранието на Друштвото во архивата на Друштвото, ул.1632 бр.1, Скопје – Гази Баба, Република Северна Македонија. На официјалната интернет страница на Друштвото www.dssmith.mk акционерите можат да ги најдат сите потребни материјали, обрасци и информации во врска со одржувањето и учество на седницата на Собранието.

**ДС СМИТХ АД Скопје**
**Претседател на Управен Одбор**